РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1576/2
11-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1576/1 од 21.05.2025 година, со наводи за неправилности во работењето на Одделението за катастар на недвижностите /// и на инспекциските служби, и наводи за несоодветно постапување од страна на службени лица и физички лица, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-1576/1 од 21.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.05.2025 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во работењето на Одделението за катастар на недвижностите /// и на инспекциските служби, и наводи за несоодветно постапување од страна на службени лица и физички лица, и оформен е предмет број 12-1576/1 од 21.05.2025 година.

Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни постапки пред надлежните органи, без да изнесе јасни наводи за коруптивни дејствија и без да изнесе јасни

наводи поврзани со околностите кои се наведени во пријавата, наведува дека недвижен имот на територијата на Општина /// бил неправилно евидентиран од страна на Одделението за катастар на недвижностите /// во корист на трето лице, поради што подносителот на пријавата смета дека му е сторена штета.
Подносителот на пријавата, без да посочи конкретни постапки пред надлежен суд и пред надлежна инспекциска служба, без да изнесе јасни наводи за коруптивни дејствија и без да изнесе јасни наводи поврзани со околностите кои се наведени во пријавата, упатува на пристрасно постапување на судија при поведување на судски спор во врска со градежни дејствија на недвижен имот, како и на непреземање на дејствија од страна на инспектор.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи, и дека во истата нема доволно податоци со кои пријавените наводи би се конкретизирале, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик-претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК